# <u>*Потврда*</u>

## *ТРАЈКОВСКИ & ПАРТНЕРИ Консалтинг*

Во периодот септември 2010 – декември 2011 беше реализиран проектот ПОДОБРА БИЗНИС РЕГУЛАТИВА ВО МАКЕДОНИЈА. Директни корисници на резултатите на овој проект се Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерствата и нивните РИА тимови и претставници од бизнис секторот.

Целта на овој проект беше да се направи анализа на имплементацијата на регулаторната реформа во Македонија со цел истата да се подобри.

Реализацијата на овој проект беше доверена на Трајковски & Партнери Консалтинг.

Конкретните цели на овој проект беа анализирање на практиките за регулаторна реформа, развивање на препораки за подобрување на регулаторната реформа и акционен план за нивно воведување, анализа на спроведувањето на проценката на влијанието на регулативата на конкретни закони од деловната сфера, како и зацврстување на консултативниот процес со бизнис заедницата преку развој на Кодекс за консултации и градење капацитети кај вклучените засегнати страни.

Главни резултати од овој проект беа:

- Преглед на процесот на регулаторна реформа преку анализа на тековната институционална поставеност и практики при имплементацијата
- Преглед на практични искуства и најдобри практики за регулаторна реформа од ЕУ
- Препораки и акционен план за подобрување на процесот на регулаторна реформа
- Извештај за спроведување на РИА на конкретни закони од бизнис сферата
- Критериуми за проверка на квалитет за РИА документите
- Кодекс за консултации со јавниот сектор
- Прирачник за консултации за јавната администрација
- Прирачник за консултации за засегнатите страни
- Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката на изготвување закони

Во текот на реализацијата на проектот консултантскиот тим на Трајковски & Партнери демонстрираше посветеност и професионалност во извршување на активностите за изработка на резултатите. Во текот на проектот комуникацијата и соработката помеѓу консултантскиот тим и останатите учесниците во проектот беше на високо ниво.

Со почит.

*Ирена Стевчевска*
*Раководител на програми*
*Британска Амбасада Скопје*